ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион
CENTRE FOR DEVELOPMENT
of Vardar planning region

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-104/4
27.04.2022 год
ВЕЛЕС

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 4 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр.24/2021 и 174/21), член 2 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион, Советот за развој на Вардарски плански регион, на седницата одржана на ден 27.04.2022 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За утврдување на Листа на предлог – проекти за развој на Вардарски плански регион во рамки на проектот од Грантова шема МЛС/СДЦ „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза“**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Листа на предлог-проекти за развој на Вардарски плански регион во рамки на проектот од Грантова шема МЛС/СДЦ „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој – II фаза“ поддржан од Министертсво за локална самоуправа и Швајцарска агенција за развој и соработка.

**Член 2**

Предлог-проектите за развој на Вардарски плански регион согласно форумската сесија се рангирани според следниот распоред:

1. „Регионален Центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство во Вардарскиот плански регион“ со седиште на територија на општина Кавадарци.
2. „Подобрување на социјалните услуги, преку воспоставување на шелтер за семејно насилство“.
3. „Унапредување на инфраструктурата поврзана со туризмот, преку изградба на велосипедска патека покрај регионален пат“.

**Член 3**

Согласно Форумската сесија Советот за развој на Вардарски плански регион ја прифаќа и одобрува листата од член 2 од оваа Одлука за аплицирање.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила нареден ден од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Марко Колев

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Шефки Сали бр.4, 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*